РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 12-810/2
18.02. 2002 год.
СКОПЈЕ

Тондах-Македонија
акционерско друштво
Број: 0307-92/1
Датум: 29.04. 2002 год.
Виница

Врз основа на член 87 од Законот за минерални суровини ("Сл. весник на РМ" бр. 18/99), одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Сл. весник на РМ" бр. 35/99 и 61/99), и Одлука на Владата на Република Македонија бр. 23-430/1 од 5.02. 2002 година.

1. **ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** како концедент, застапувана од министерот за економија М-р Бесник Фетаи и

2. **ИГМ "ПРОЛЕТЕР", Виница,** како концесионер, застапувано од лицето Трајче Серафимов, на ден 13.02. 2002 година во Скопје, склучија:

# ДОГОВОР
## за концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина

***Предмет на договорот***

***Член 1***

Со овој договор се уредуваат начинот и условите под кои се дава концесија за детални геолошки истажувања на минералната суровина керамичка глина, на локалитетот помеѓу селата Жиганци и Пишица – Кочани, и начинот на плаќањето на надоместокот на добиената концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минералната суровина, како и други права и обврски кои произлегуваат за концесионерот и концедентот.

Концесијата од став 1 на овој член се дава за период од 1 година. Времетраењето на деталните геолошки истражувања ќе биде утврдено во одобрението за геолошки истражувања.

***Член 2***

Просторот за детални геолошки истражувања од член 1 на овој договор, со одлука на Владата на Република Македонија бр. 23-430/1, од 5.02. 2002 година, е дефиниран и ограничен со следните подолу дадени точки, односно координати :

| ТОЧКА БР. | КООРДИНАТА X | КООРДИНАТА Y |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.637.300,00 | 7.601.920,00 |
| Т-2 | 4.636.230,00 | 7.603.120,00 |
| Т-3 | 4.637.640,00 | 7.602.250,00 |
| Т-4 | 4.636.560,00 | 7.604.490,00 |

Површината на просторот за детални геолошки истражувања на минералната суровина изнесува 1,125 км2.

Составен дел на овој договор е топографска карта во мерка 1 : 25.000, на која се внесени границите на истражниот простор со погоре наведените точки, одредени со координати по Гаус Кригерова проекција и меѓусебно поврзани со прави линии.

Концедентот, односно Министерството за економија се обврзува да изврши околчување на просторот за вршење детални геолошки истражувања на сметка на концесионерот, или концесионерот во присуство на претставник од Министерството за економија.

## ОБВРСКИ И ПРАВА

### *Член 3*

Концесионерот е должен да го реши прашањето на правото на користењето на земјиштето за вршење на детални геолошки истражувања од член 2 на овој Договор, односно да обезбеди владение и користење на истото земјиште.

### *Член 4*

Концесионерот не може да склучува договор за пренесување на добиената концесија и да го дава под закуп просторот од член 2 од овој договор без согласност на концедентот.

### *Член 5*

Концесионерот се обврзува вршењето на деталните геолошки истражувања на просторот опишан во член 2 на овој договор да го врши во согласност со одредбите од Законот за минерални суровини, односно:

•-работите да ги изведува согласно со одобрението за геолошки истражувања, проектот за деталните геолошки истражувања, стандардите и техничките нормативи кои важат за изведување на тие работи;

•-да ги спроведува пропишаните мерки за заштита при работа;

•-навремено да преземе мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти;

•-да води соодветни книги за извршените детални геолошки истражни работи; да доставува времени и годишни извештаи од извршените истражувања.

•-во истражните рударски објекти, како што се поткопи, ходници, шахти, површински копови, бунари, дупнатини и други објекти, не смее да врши депонирање на штетни, отпадни и радиактивни материи;

•-по завршувањето на деталните геолошки истражувања да достави до Министерството за економија елаборат со извршена ревизија или извештај од извршените детални геолошки истражувања. Извештајот од извршените детални геолошки истражувања треба да биде испратен со елементите определени во член 44 став 2 од Законот за минералните суровини;

•-да обезбеди на одделни работни места работите да ги вршат лица што ги исполнуваат пропишаните услови;

•-да го извести благовремено Министерството за економија и Републичкиот инспекторат за техничка инспекција за секое привремено запирање како и за трајното запирање на деталните геолошки истражни работи;

•-да води евиденција за извадените количини минерални суровини, за каква намена минералната суровина е користена, како и да ги евидентира и другите минерални суровини чие постоење е утврдено;

•-при вршењето на деталните геолошки истражувања да не врши откопување на поголеми количини на минерални суровини од одобрените, односно при вршењето на геолошките истражувања вадењето на минералната суровина да не преминува во експлоатација.

•-ако концесионерот не постапува во согласност со одредбите од став 1 точките 3, 4, 5 и 7, концедентот има право да му ја одземе на концесионерот, концесијата за детални геолошки истржувања.

### *Член 6*

Ако концесионерот просторот од член 2 од овој договор не го користи според предвидената динамика на вршење на работите во Проектот за вршење на деталните геолошки истражувања, концедентот има право да го одземе просторот што не се користи според определената динамика.

### *Член 7*

Концесионерот се обврзува при вршењето на деталните геолошки истражувања да извади количини на минерална суровина определена со упростениот рударски проект, и одобрението за детални геолошки истражувања.

Доколку концесионерот вади поголема количина на минерална суровина од определената со одобрението и таа ја користи за комерцијални цели, концедентот има право да му ја одземе концесијата и целокупната добивка од продадената минерална суровина.

Доколку концесионерот има потреба од поголема количина на минерална суровина и таа му е потребна за соодветни испитувања, концесионерот е должен да поднесе писмено барање со образложение за нејзина намена, до Министерството за економија.

### *Член 8*

Ако при вршењето на деталните геолошки истражувања концесионерот наиде на стари археолошки градби или други објекти од слична природа е должен веднаш истите да ги пријави во Министерството за економија.

Концесионерот гарантира дека сите фосили, монети, предмети со вредност или антиквитети или други слични остатоци, се и ќе останат сопственост на давателот на

концесијата.

Доколку откриените предмети се подвижни ќе му се дозволи на концедентот на негов трошок да влезе во истражното поле, заради нивно отстранување од тоа поле.

Доколку предметите се неподвижни, ќе им дозволи на стручните лица овластени од концедентот или надлежната власт да извршат испитувања што се бараат со закон или на друг начин се сметаат за неопходни, на трошок на концедентот.

За трошоците што ќе настанат со престанокот на вршењето на деталните геолошки истражувања, заради реализација на работите од став 3 и 4 од овој член, договорните страни ќе склучат нов договор за обештетување. При тоа, концедентот има право да бара концесионерот да вложи напори да ја реорганизира работната програма за да ги минимизира или избегне зголемените трошоци.

Доколку дојде до запирање на работите на вршење на геолошките истражувања, концедентот се обврзува да ја продолжи концесијата за вршење на геолошки истражувања за онолку време за колку е запрено вршењето на геолошките истражувања.

***Член 9***

Концесионерот е должен да ги надомести во целост штетите причинети на трети лица при вршењето на деталните геолошки истражувања.

***Член 10***

На име надоместокот за концесијата за вршење на деталните геолошки истражувања на минералната суровина керамичка глина, концесионерот плаќа надоместок согласно со член 4, точка 3 од одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Сл весник на РМ" бр.35/99) во износ од 2.000 ден/км$^2$ .

Доколку дојде до измена на прописите за висината, начинот и условите за наплата на концесискиот надоместок, плаќањето на концесискиот надоместок ќе се уреди со посебен анекс кон овој договор.

Надоместокот од член 10 од овој договор, концесионерот ќе го уплатува на сметката на буџетот на Република Македонија најдоцна 15 јануари од тековната година, при што е должен копија од документот за извршена уплата најдоцна во рок од 10 дена од денот на уплатата да достави до Министерството за економија.

***Член 11***

Доколку во текот на вршењето на геолошките истражувања на минералната суровина керамичка глина, концесионерот смета дека нема економски интерес за реализација на проектот, тој е должен да го извести концедентот дека се откажува од концесијата и ќе поднесе барање за раскинување на овој договор.

Во случаите од став 1 на овој член, концесионерот е должен да ги надомести направените штети на трети лица од член 9 на овој договор, и да го рекултивира земјиштето доколку е тоа потребно.

Во случаите од став 1 на овој член, концесионерот е должен да ја предаде целокупната техничка документација во врска со проектот и проектот да го достави до Министерството за економија.

*Член 12*

Концесионерот е должен за извршените детални геолошки истражувања да достави елаборат со извештај од извршената ревизија на елаборатот и резултатите од извршените детални геолошки истражувања.

Концесионерот е должен по завршувањето или запирањето на деталните геолошки истражувања да достави до Министерството за економија извештај за извршените детални геолошки истражувања со целокупната документација за резултатите од истражувањето.

Извештајот од став 2 на овој член задолжително треба да ги содржи податоците предвидени со член 44 став 2 од Законот за минералните суровини.

Кон извештајот од став 1 на овој член, концесионерот е должен да приложи топографски карти во соодветен размер со јасно вцртани места на кои се изведени деталните геолошки истражувања.

*Член 13*

Концесионерот се обврзува да не врши, без добивање на нова концесија проширување на истражните работи и на други минерални суровини на ист истражен простор од оние за кои му е дадена концесијата за вршење на детални геолошки истражувања како и да не врши детални геолошки истражувања надвор од просторите за кои е издадена таа концесија.

*Член 14*

Ако во било кое време концесионерот не е во состојба да ги изврши целосно или дел од своите обврски, предизвикани од Виша Сила, за таквите причини ќе го извести Министерството за економија.

*Член 15*

Под Виша Сила се смета непредвидливите настани за кои договорните страни немале сознание и неможеле да ги предвидат, а кои имаат негативно влијание во вршењето на деталните геолошки истражувања, како што се

а) војна, инвазија, акт на странски непријател, терористички акт, граѓанска војна, востание и бунт од страна на сили непријателски за Владата, што резултира со нанесување штети или уништување на работите или на било кој нивен значаен дел, или со нанесување штета или уништуваење на значителен дел од опремата на концесионерот;

б) земјотреси, пожари, поплави, во различен или прекумерен степен на климатски и природни непредвидливи настани што ќе оштети или уништи значителен дел од опремата на концесионерот на прсторот за детални геолошки истражувања;

в) индустриски спорови или штрајкови.

*Член 16*

Сите информации кои произлегуваат од правата и обврските на овој договор, како и информациите кои потекнуваат од вршењето на активностите согласно овој договор, ќе се сметаат за тајна на договорните страни.

*Член 17*

По истекот на времетраењето на концесијата, односно по трајното престанување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања, сите поткопи, шахти како и нивните прегради стануваат сопственост на концедентот без плаќање на надомест.

Неподвижните објекти како згради и други објекти, по истекот на времетраењето на концесијата, односно по трајното престанување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања, концесионерот може да ги отуѓи.

Инсталациите, опремата, приборот за работа (машини) по истекот на времетраењето на концесијата, односно по трајното престанување на концесијата за вршење на детални геолошки истражувања се сопственост на имателот на концесијата.

На барање на концедентот, по престанувањето на времетраењето на концесијата, во рок што тој ќе го определи, концесионерот е должен да ја отстрани опремата.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### *Раскинување поради виша сила*

*Член 18*

Ако поради настан на виша сила, натамошната реализација на овој договор е невозможна, концесионерот ќе го извести концедентот во рок од 30 дена од појавата на тој настан, со опис на настанот и неговите веројатани економски последици. Концедентот и концесионерот ќе се консултираат за изнаоѓање на заедничко задоволувачко решение поради овие изменети околности.

Ако во рок од 3 месеци од појавата на настанот на виша сила, не дојде до заедничко задоволувачко решение, концесионерот има право да го раскине договорот, за што писмено ќе го извести концедентот.

*Член 19*

Ако дојде до раскинување на договорот, во случај на настан на виша сила во текот на вршење на деталните геолоши истражувања, за која е доделена концесијата, концесионерот се обврзува да ги исплати сите давачки на концедентот определени со член 10 од овој договор, како и да ја предаде целокупната техничка документација предвидена со одредбите на овој договор.

По однос на правото на сопственост на подвижните и неподвижните предмети ќе се применуваат одредбите од член 19 од овој договор.

### *Раскинување на договорот од страна на концедентот*

*Член 20*

Концедентот има право да го раскине договорот ако:

•- концесионерот постапува спротивно на одредбите од член 5 став 1 точки 4, 5 и 6 од овој договор;

•- концесионерот постапува спротивно на одредбите од член 5 став 1 точки 4, 5 и 6 од овој договор;

•- концесионерот не го платил надоместокот за концесија определен со член 10 од овој Договор; и

•- концесионерот постапува спротивно на член 7 став 1 од овој договор.

Во случаите од став 1 на овој член концесионерот е должен да ја предаде целокупната техничка документација предвидена со одредбите на овој договор, веднаш по раскинувањето на договорот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### *Член 21*

Договорните страни се согласни, споровите настанати во врска со примената на овој договор да ги разрешат договорно и по мирен пат.

Во случај спорот да не може да се разреши на начинот предвиден во став 1 на овој член, договорните страни се согласни спорот да го решаваат пред надлежниот суд во Скопје.

### *Член 22*

Овој договор е составен во 4 еднообразни примероци, по два за секоја од договорните страни.

### *Член 23*

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од договорните страни.

| | |
|---|---|
| ***ЗА КОНЦЕСИОНЕР,*** | ***ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*** |
| ***Трајче Серафимов*** | ***МИНИСТЕР,*** |
| | ***М-р Бесник Фетаи*** |

ГРАНИЦИ НА ИСТРАЖЕН ПРОСТОР
ЛОКАЛНОСТ "ЖИГАНЦИ-ПИШИЦА"
1:25000




| Точка | X | Y | Површина |
|---|---|---|---|
| A1 | 4637300 | 7601920 | 0,81 км2 |
| A2 | 4636230 | 7603120 | |
| A3 | 4637640 | 7602250 | |
| A4 | 4636560 | 7604490 | |